Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-695/4
18-12-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-695/1 од 26.9.2025 година поднесена од --------- против ---------, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување, лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на --------- кон --------- врз основа на политичко уверување, лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-695/1 од 26.9.2025 година, од страна на --------- против ---------, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување, лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката е потпретседател на --------- и кандидат за советник на локалните избори 2025 година во ---------. Претходно бил и помошник директор за --------- во ---------. Известува дека добил задолжение, за кое вели дека како акт не постои во актите на друштвото, за вршење на работите за работно место координатор за --------- во ---------, кој се наоѓа на 6км од местото каде дотогаш ги извршувал работните задачи. Напоменува дека во --------- нема администрација (архива, други сектори, служби итн.), ниту пак некогаш имало. По договор за работа, работните задачи на координатор за --------- се извршуваат во управната зграда на ---------, каде се наоѓа Секторот за --------- со кој треба да раководи и да го координира работењето на вработените во Секторот на начин и опис согласно договорот за вработување и процедурата која се практикува 40 години наназад. На ден 26.9.2025 година добил Известување-Барање бр. ---------, со кое не му било објаснето на кое место (канцеларија) треба да работи, ниту пак кои се неговите задачи за работа во ---------, а известувањето гласело дека по него треба да постапи веднаш, во спротивно непостапувањето ќе се смета за повреда на договорот за вработување.

Подносителот се има обратено и до Државниот инспекторат за труд, од каде сè уште нема одговор, а поднел и тужба до Основен суд ---------. Наведува дека сето ова започнало кога се променило раководството на --------- минатата година, кога првично усно се зборувало дека ќе биде преместен во --------- само за да не биде во управната зграда. Во меѓувреме се расчуло, а подоцна и официјално бил предложен за кандидат за советник во Советот на Општина --------- од редовите на ---------. Смета дека сето ова се прави со цел да биде извршен политички притисок врз него, со тоа што ќе биде спречен да ги извршува работните задачи со целосен професионален капацитет, а исто така да се влијае на него на начин на кој тој би се повлекол или откажал од трката за советник.

Во прилог на претставката беа доставени следните докази:

- ---------.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Известување за произнесување по наводите од претставката бр. 08-695/2 од 13.10.2025 година до ---------.

На ден 5.11.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување бр. --------- од 30.10.2025 година од --------- како одговор на претставката, заведен во Комисијата под бр. 08-695/3. Во врска со претставката го наведуваат следното:

На ден 11.4.2025 година ---------, вработен во ---------, добил Задолжение бр. --------- со арх.бр. --------- од 11.4.2025 година за работите од работното место --------- Координатор за --------- од 14.4.2025 година да ги извршува во ---------. Задолжението се однесувало за истото работно место, а согласно потребите на работодавачот, како што било и во изминатиот период вработени (---------) од Секторот за --------- во --------- заради подобра координираност со --------- како производна единица, да извршуваат исти работни задачи со обезбедени услови и канцеларија кои се потребни за квалитетно и навремено извршување на работните задачи. Потребата на работодавачот од работник од --------- сектор се оправдува поради собирање и изработка на внатрешни акти по барањата кои се доставуваат од работниците.

Иако Задолжението важело од 14.4.2025 година, подносителот на претставката истото го подигнал преку архивска книга на ден 24.6.2025 година, бидејќи за претходниот период користел отсуства од работа (боледување, годишен одмор и слободни саати). Бидејќи по задолжението не постапил до 26.9.2025 година, работодавачот го известил дека нема постапено по истото со Известување бр. --------- од 26.9.2025 година.

Сметаат дека извршувањето на работи и работни задачи согласно договорот за вработување со обезбедени услови за работа не претставува дискриминација, иако подносителот на претставката се повикува на истата согласно политичко уверување и лично својство и општествен статус. Подносителот наведува дека бил предложен за кандидат за советник за локалните избори 2025 година, за што наведуваат дека е ирелевантно и неспоиво со задолжението кое му е дадено на 11.4.2025 година. Исто така напоменуваат дека до работното место е обезбеден превоз и сите работници можат да го користат истиот. Покрај ова, на подносителот на претставката му било одобрувано оправдано отсуство од работа (годишен одмор и слободни саати) за непречено да ги извршува потребните задачи кои произлегуваат од неговата активност како кандидат за советник за локалните избори 2025 година и воопшто на ниту еден начин не бил попречен од страна на работодавачот.

<u>Во прилог на претставката беа доставени следните докази</u>:

- ---------.

По увид во наводите од претставката, дополнувањето и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната **фактичка состојба**:

Подносителот на претставката е вработен во ---------, на работно место Координатор за ---------. Претходно бил на работното место Помошник директор во Сектор за ---------. Потпретседател е на --------- и воедно бил кандидат за советник на локалните избори 2025 година во --------- од истата партија.

Со Задолжение бр. --------- со арх.бр. --------- од 11.4.2025 година бил распореден работите од работното место Координатор за --------- да ги извршува во --------- почнувајќи од 14.4.2025 година. Задолжението го подигнал преку архивска книга на ден 24.6.2025 година, од причина што за претходниот период користел отсуства од работа. Бидејќи по задолжението не постапил до 26.9.2025 година, работодавачот го известил дека нема постапено по истото со Известување и барање за постапување по задолжение бр. --------- од 26.9.2025 година. До --------- е обезбеден превоз кои работниците можат да го користат за доаѓање до своето работно место.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други."*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Во конкретниот случај, Задолжението бр. --------- со арх.бр. --------- било донесено на 11.4.2025 година, неколку месеци пред да бидат распишани локалните избори на 9 август 2025 година, што подразбира дека во моментот на донесување на задолжението, работодавачот не знаел или не можел да знае за идната кандидатура на подносителот на претставката за советник во Советот на Општина ---------. Ова е важно од причина што за да се утврди постоење на дискриминација, дискриминаторската основа која ја наведува подносителот- политичко уверување треба да биде доведена во каузална врска со наводното дискриминаторско постапување. Имајќи предвид дека на работодавачот не му била позната околноста дека подносителот на претставката ќе биде кандидат на локалните избори при носењето на задолжението, не може да се смета дека првото било причина за второто.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
- ---------